РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
**СКОПЈЕ**

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS" SKOPJE
**FACULTY OF VETERINARY MEDICINE**
**SKOPJE**

**Број 03- 2197**
**27.12.2018 година**

Врз основа на член 163 и член 114 став 4 алинеја 2 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) и член 2, член 20 и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје ( Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018) како и Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0201-2140/5 од 26.12.2018 година, деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје распишува:

# ОГЛАС
## за избор на демонстратори во учебната 2018/2019 година

За учебната 2018/2019 година се распишува оглас за избор на **17 демонстратори** како помошници во наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и тоа на:

### I. ВЕТЕРИНАРЕН ИНСТИТУТ

**1. Катедрата за хигиена на животните и заштита на животната средина - 1 демонстратор.**
- Предмети: Анимална хигиена и Однесување и благосостојба на животните

**2. Катедрата за микробиологија и имунологија - 1 демонстратор.**
- Предмети: Микробиологија и Имунологија

**3. Катедрата за паразитологија и паразитни заболувања - 1 демонстратор.**
- Предмет: Паразитологија и паразитни заболувања

**4. Катедрата за визуелни дијагностички методи - 1 демонстратор.**
- Предмети: Визуелни дијагностички методи, Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни, Клиничка практика: фармски животни

**5. Катедрата за ветеринарна хирургија- 1 демонстратор.**
- Предмет: Општа хирургија со анестезиологија

**6. Катедрата за заразни болести и епидемиологија - 1 демонстратор.**
- Предмети: Заразни заболувања кај домашните животни

**7. Катедрата за биологија и патологија на пчели, риби и ловен дивеч - 3 демонстратори.**
- Предмет: Билогија и патологија на дивеч
- Предмет: Билогија и патологија на пчели
- Предмет: Билогија и патологија на риби

**8. Катедрата за болести кај птиците - 1 демонстратор.**
- Предмет: Болести кај птиците

**9. Катедрата за патофизиологија и Катедра за патолошка морфологија - 1 демонстратор.**
- Предмет: Патолошка физиологија и Патолошка морфологија

**10. Катедрата за внатрешни болести на преживни животни - 1 демонстратор.**
- Предмет: Внатрешни болести на преживни животни

## II. ИНСТИТУТ ЗА ХРАНА

**11. Катедрата за хемија- 1 демонстратор.**

- Предмет: Хемија и Аналитичка хемија на храна

## III. ИНСТИТУТ ЗА РЕПРОДУКЦИЈА И БИОМЕДИЦИНА

**12. Катедрата за функционална морфологија- 3 демонстратори.**

- Предмет: Анатомија на животните и Клиничка анатомија
- Предмет: Физиологија на животните
- Предмет: Хистологија со ембриологија

**13. Катедрата за биохемија и биологија на клетка- 1 демонстратор.**

- Предмет: Биохемија и Клиничка биохемија

**II.** Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

**За точките од 1 до 12 :**

- да се студенти на Факултетот за ветеринарана медицина во Скопје и имаат остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или да се студенти на трет циклус на студии на една од студиските програми на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**За точката 13:**

- да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии на студиските програми (хемија, биологија, биохемија) на Природно математичкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум) и да се студенти на втор или трет циклус на студии на студиските програми (хемија, биологија, биохемија) на Природно-математичкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**III.** Со пријавата (во прилог), кандидатите поднесуваат докази за исполнетост на условите утврдени во огласот: уверение за положени испити, индекс на увид и куса биографија (CV) во архивата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје , на ул. Лазар Поп Трајков бр. 5-7.

**IV.** Огласот трае 5 дена од денот на објавувањето, односно до 31.12.2018 година (понеделник).

**V.** Факултетот го задржува правото да не ги ангажира избраните демностратори доколку во летниот семестар во учебната 2018/20198 година нема доволен фонд на часови, односно премети.

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски

Да се достави до:
- Огласна табла
- Web страна
- Архива